| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 3. | Vladimir Goati | Politicke partije i partiski sistemi | Centar za monitoring – CEMI | 2008 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Наслов на наставниот предмет** | **МОДЕЛИ НА ДЕМОКРАТИЈА** | | | |
| 2. | **Код** | 50701 | | | |
| 3. | **Студиска програма** | Втор циклус уставно правна насока | | | |
| 4. | **Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)** | Правен факулет „Јустинијан Први" – Скопје<br>Институт за правно-политички науки<br>Катедра по уставно право и политички систем | | | |
| 5. | **Степен (прв, втор, трет)** | Втор | | | |
| 6. | **Академска година/семестар** | 9-ти семестар | **7.** | **Број на ЕКТС кредити** | 6 (шест) |
| 8. | **Наставник** | Проф. д-р Гордана Сиљановска – Давкова<br>Проф. д-р Рената Дескоска | | | |
| 9. | **Предуслови за запишување на предметот** | / | | | |
| 10. | **Цели на предметната програма (компетенции):** | | | | |
| | Целта на овој предмет е да им понуди на студентите продлабочени знаења за поимот и моделите на демократијата и да им помогне да ги развијат своите аналитички способности во таа област.<br>Овој предмет ќе им овозможи на студентите:<br>- да го разберат концептот на демократија;<br>- да ги оценат аргументите за и против различните модели на демократија;<br>- да можат критички да ги анализираат различните начела и облици на демократијата<br>- да ја разберат историската еволуција на демократската теорија и<br>пракса<br>- да ги осознаат предизвиците на современата демократија. | | | | |
| 11. | **Содржина на предметната програма:** | | | | |
| | Предметот Модели на демократија се фокусира на различните историски, но и современи типови на демократија. Тргнувајќи од класичните, како и од либералните теоретичари, ке | | | | |

бидат анализирани: основните дефиниции за демократијата; општествените претпоставки за нејзино егзистирање; политичките институции како демократска рамка; прашањето за „(не)извозната природа на демократијата", иднината на супра-национални демократски институции.

Моделите на демократија ќе бидат разработени преку согледување на развојната

динамика на демократијата ; преку споредба и „соочување" на историските со современите демократски состојби во светот; демократскиот развој во „старите" и „новите" демократиии.

Низ анализата, важно е дасе согледа влијанието на историските, политичките, културните и економските фактори врз моделот.

Во рамките на овој предмет ќе се тргне од класичниот модел на демократија, во рамките на полисот како град-држава, а особено Атинската демократија во четвртиот и петиот век п.н.е., кој и денеска се одржува преку референдумот, собирите, граѓанската иницијатива. Исто така, посебно внимание ќе биде посветено на протективната демократија како систем на уставна демократија што функционира во рамките на формални и неформални правила со кои власта се контролира, а согласноста на граѓаните со оние кои владеат се изразува на избори.

Во рамките на курсот ќе биде разгледана и развојната демократија, сфатена како

модел на радикална развоојна демократија во Русова смисла на висок степен на

политичка и економска еднаквост и т.нар. "партиципативно" општество, односно

поумерен модел на развојна демократија, сфатен во Милова смисла на парламентарна демократија; како и народната демократија, што се темели врз марксистичка традиција и произлегува од ортодоксните режими по Втората светска војна.

Посебен акцент ќе биде даден на либералната демократија, која денес се смета за

единствен „легитимен" облик на демократија. Истата ќе биде разгледана низ разните облици: плуралистичка, елитистичка, корпоративистичка, низ призмата на новата десница, како и демократијата сфатена на марксистички начин.

Овој курс ќе се задржи и на транзицијата кон демократија и демократска консолидација, или на т.н. нова демократија или полу-демократија, како и на мнозинската и консоцијалната демократија. Ќе се укаже на предностите и слобостите на овие модели, но и на одредени случаи

на нивно практично фунцкионирање, како што се случаите на Босна и Македонија.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12. | Методи на учење: | - Предметот ќе се изучува преку компаративниот метод, case study методот, Сократовиот метод, SWOT анализа, индуктивниот и дедуктивниот метод и др.<br><br>- Часовите вклучуваат учество на студентите и дебата и анализа на практични случаи. | | |
| 13. | Вкупен расположлив фонд на време | 150 | | |
| 14. | Распределба на расположливото време | 3,5 + 0 + 1,2 + 0 + 5,3 | | |
| 15. | Форми на наставните активности | 15.1 | Предавања – теоретска настава | 52,5 |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | / |
| 16. | Други форми на активности | 16.1 | Проектни задачи | 17,5 |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | / |
| | | 16.3 | Домашно учење | 80 |
| 17. | Начин на оценување | | | |
| | 17.1 | Тестови/завршен испит | 70 поени | |
| | 17.2 | Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна) | 20 поени | |
| | 17.3 | Активност и учество | 10 поени | |
| 18. | Критериуми за оценување (бодови / оценка) | до 50 бод | 5 (пет) (F) | |
| | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) | |
| | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) | |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) | |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) | |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) | |
| 19. | Услов за потпис и полагање на завршен испит | Присуство на над 50 % од предавањата | | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски јазик | | |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | Евалуација и самоевалуација | | |
| 22. | Литература | | | |
| | 22.1 | Задолжителна литература | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Дејвид Хелд | Модели на демократија | Академски печат | 2008 |
| | 22.2 | Дополнителна литература | | | | |
| | | Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Robert Dahl | On Democracy | Yale University Press | 1998 |
| | | 2. | Giovani Sartori | Democratic Theory | Greenwood | 1976 |
| | | 3. | Хуан Х. Линц и Алфред Степан | Проблемите на демократската транзиција и консолидација | Академски печат | 2009 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Наслов на наставниот предмет** | **Уставна историја** | | | |
| 2. | **Код** | 50814 | | | |
| 3. | **Студиска програма** | Правни студии – Уставно право | | | |
| 4. | **Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)** | Правен факулет „Јустинијан Први" – Скопје | | | |
| 5. | **Степен (прв, втор, трет)** | Втор | | | |
| 6. | **Академска година/семестар** | 9-ти семестар | 7. | **Број на ЕКТС кредити** | 6 |
| 8. | **Наставник** | Проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова и проф. д-р Марика Ристовска | | | |
| 9. | **Предуслови за запишување на предметот** | / | | | |
| 10. | **Цели на предметната програма (компетенции):** | | | | |
| | Целта на предметната програма е студентот да се стекне со подетални познавања од историскиот развој на уставното право од компаративен аспект и продлабочени познавања од развојот на уставното право во Република Македонија. Преку ова знаење студентот ќе може многу полесно да ги разбере и анализира современите состојби и проблеми околу развојот на уставото право во државата но и во светот. | | | | |
| 11. | **Содржина на предметната програма:** | | | | |
| | Дисциплината ќе го проучува уставно-правниот развој на компаративен план и во македонски рамки преку анализа на најважните уставно-правни документи. Посебен акцент ќе се стави на македонската уставно-правна генеза од Уставот на македонската лига од 1880, преку уставите на | | | | |